**20162265006**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 13 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА БРОЈОТ И РАСПОРЕДОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА И СЛУЖБЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА КОИ СЕ ИМЕНУВААТ НОТАРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите.

Член 2

Распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите е даден во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 1/08, 148/08, 91/13, 183/16 и 185/16).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр.01-4712/3
30 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери,** с.р.

РАСПОРЕД НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА И СЛУЖБЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА КОИ СЕ ИМЕНУВААТ НОТАРИТЕ

1. Основен суд Берово (Општина Берово и Пехчево)
- Број на службени седишта 3... ..место Берово
2. Основен суд Битола (Општина Битола, Могила, Новаци и Демир Хисар со судско одделение во Демир Хисар)
- Број на службени седишта 14 ............. место Битола
3. Основен суд Виница (Општина Виница)
- Број на службени седишта 2 ... место Виница
4. Основен суд Гевгелија (Општина Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово со судско одделение во Валандово)
- Број на службени седишта 6 ................ место Гевгелија
5. Основен суд Гостивар (Општина Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуша)
- Број на службени седишта 12 ............. место Гостивар
6. Основен суд Дебар (Општина Дебар и Жупа)
- Број на службени седишта 3 ... .. место Дебар
7. Основен суд Делчево (Општина Делчево и Македонска Каменица)
- Број на службени седишта 3 .................. место Делчево

8. Основен суд Кавадарци (Општина Кавадарци и Росоман)
- Број на службени седишта 6................... место Кавадарци
9. Основен суд Кичево (Општина Кичево, Вранештица, Другово, Зајас, Осломеј, Пласница и Македонски Брод со судско одделение во Македонски Брод)
- Број на службени седишта 7................... место Кичево
10. Основен суд Кочани (Општина Кочани, Зрновци, Чешиново-Облешево)
- Број на службени седишта 5 ... ..... место Кочани
11. Основен суд Кратово (Општина Кратово)
- Број на службени седишта 2 ................... место Кратово
12. Основен суд Крива Паланка (Општина Крива Паланка и Ранковце),
- Број на службени седишта 2.......................... место Крива Паланка
13. Основен суд Куманово (Општина Куманово, Липково и Старо Нагоричане)
- Број на службени седишта 15 ..................... место Куманово
14. Основен суд Крушево (Општина Крушево)
- Број на службени седишта 2 .................... место Крушево
15. Основен суд Неготино (Општина Неготино и Демир Капија)
- Број на службени седишта 2 ...................... место Неготино
16. Основен суд Охрид (Општина Охрид и Дебарца)
- Број на службени седишта 8 ... ......... место Охрид
17. Основен суд Прилеп (Општина Прилеп, Долнени и Кривогаштани)
- Број на службени седишта 9 ... ......... место Прилеп
18. Основен суд Радовиш (Општина Радовиш и Конче)
- Број на службени седишта 2 ......................... место Радовиш
19. Основен суд Ресен (Општина Ресен)
- Број на службени седишта 3.............. место Ресен
20. Основен суд Свети Николе (Општина Свети Николе и Лозово)
- Број на службени седишта 3... ........................место Свети Николе
21. Основни судови на град Скопје (Општина Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново)
- Број на службени седишта 69 ...................... место Скопје
22. Основен суд Струга (Општина Струга и Вевчани)
- Број на службени седишта 7 ......................... место Струга
23. Основен суд Струмица (Општина Струмица, Василево, Босилово и Ново Село)
- Број на службени седишта 10 ....................... место Струмица
24. Основен суд Тетово (Општина Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце)
- Број на службени седишта 15 ……..............….. место Тетово
25. Основен суд Велес (Општина Велес, Градско и Чашка)
- Број на службени седишта 8 ... .........место Велес
26. Основен суд Штип (Општина Штип, Карбинци и Пробиштип, со судско одделение во Пробиштип)
- Број на службени седишта 10.. ..........…....место Штип.